# Твој факултет Твоја иднина

**Универзитет „Св. Климент Охридски“**
**Педагошки факултет - Битола**


**Елена Шалевска**
**Втор циклус студии**
**Просек: 10**


Високите достигнувања се невозможни без цврста основа. Јас својата ја добив на Педагошкиот факултет – Битола каде дипломирав на насоката Англиски јазик и книжевност во јуни, 2018. Студирањето го завршив како првенец на генерацијата со просек 10.00, за што добив и награда и признание од Универзитетот. За време на моите студии имав можност да учествувам на повеќе студиски размени и интернационални работилници и конференци, што допринесе кон мотивацијата за мој понатамошен развој во областа на јазикот и наставата. Имав можност да учествувам на бројни работилници, на интернационална летна школа за академско пишување во Сплит, како и на студиска размена и лингвистичка конференција во Кемниц, Германија, каде се претставив со свој авторски труд. Во коавторство со мојата менторка, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, објавив и труд во European Journal of Literature, Language and Linguistics Studies кој беше инсписиран од мојот дипломска труд.

Покрај истражувачката работа, моментално го подготвувам и магистерскиот труд како магистранд на Педагошкиот факултет. Истовремено, работам и како предметен професор по англиски јазик во Средното медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи“ - Битола. Знаењата кои ги добив за време на студиите на факултетот ми овозможуваат секојдневно да се справувам со предизвиците на оваа благородна, но исклучително специфична и одговорна професија. Дополнителен поттик за продолжување на студиите е и тоа што годинава бев избрана за демонстратор на насоката Англиски јазик и книжевност и моментално, извршувам дел од обврските на факултетот во таа улога.

Наставничката професија е исклучително специфична – дава можност да ги обликуваме младите умови и да влијаеме врз иднината. Бара постојани наградувања, но и цврста основа – основа која сум убедена дека се добива на Педагошкиот факултет во Битола, благодарение на современата програма како и одличниот кадар кој секогаш е отворен за соработка.